„ПОДОБРУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТА И ВЛИЈАНИЕТО НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА И ПРИ ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ КАКО ПОДРШКА НА ДРЖАВАТА ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕУ"

Проектот го спроведуваат:

МЗЗПР ССМ ОРМ

БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

РАЗВОЈ

ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

ПРОМОВИРАМЕ ДОБРА ПРАКСА И ИСКУСТВА ОД КОРИСТЕЊЕ НА ГРАНТОВА ШЕМА

ДА ГО ЗГОЛЕМИМЕ ГРАЃАНСКИОТ ПРОСТОР ПРЕКУ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ ЗА БЗР

Весна Ристовска - Проект менаџер

Почнувајќи од 1-ви Јануари 2019 година, во рамките на проектот "Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ", се започна со имплементација на акциите на кои им беше доделен субгрант. Проектот е финансиран од Европската Унија. Вкупно десет (10) граѓански организации и здруженија добија грант во рамките на програмата за суб-грантирање.

Весна Ристовска, менаџер на проектот зборува за придобивките и предизвиците при спроведување на грантовата шема. Градењето на капацитетите на граѓанските организации со доделувањето на подгрантови им овозможија на локалните организации да работат на одредени прашања од областа безбедноста и здравјето при работа што ги засегаат заедниците во коишто работат, поставувајќи добар пример за овозможувањето на развојот на граѓанското општество. Организациски развој, финансиска одржливост, застапување, обезбедување услуги, секторска инфраструктура и имиџ на организациите во јавноста се клучните компоненти кои беа применети преку реализација на оваа грантова шема.Ристовска истакнува дека наша цел е да видиме влијателно граѓанското општество подготвено за спроведување на клучните реформи за заштита при работа и условите за работа, како подршка на нашата земја во процесите за пристапување кон ЕУ.

Во ова издание ви ги презентираме резултатите од завршената имплементација на две суб-грантирани акции, во имплементација на

Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија – СГИП и

ХЗ „Бравура Кооператива" Делчево.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ

Име на акцијата: „Зајакнување на капацитетите и внатрешното управување за спроведување на активностите за безбедност и здравје при работа и прилагодување према европските прописи"

Спроведувач: Синдикат за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија – СГИП.

Имплементирани активности:

Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија – СГИП користеше грант наменет за зајакнување на капацитетите на СГИП во делот за Безбедност и здравје при работа како еден од најважните сегменти во секторот градежништво и индустријата за градежни материјали. Акцијата доведе до ревидирање на Актите на СГИП како што се Правилник за спроведување на активностите за Безбедност и здравје при работа, Извештај за претставникот на вработените за Безбедности здравје при работа, Извештај за Главниот синдикален претставник како и зајакнување на капацитетите на СГИП како организација преку обучени кадри кои ќе делуваат на полето за безбедност и здравје при работа. Овие Акти на СГИП се изготвени врз база на презентирани компаративни анализи од земји – членки на ЕУ и Европската легислатива особено Директивата 391/89. Овие активности кои беа опфатени преку оваа грантова шема допринесоа новите ревидирани Акти на СГИП да бидат усвоени од Извршниот одбор на СГИП и отпочнат со примена во пракса. Од друга страна преку две работилници обучени се 60 претставници на вработените и членови од органите и телата на СГИП како да делуваат на терен со цел подигнување на свеста кај останатите вработените во делот на грижа за здравјето и безбедноста при работа.

Грантот се спроведуваше во период од 01.01.2019 година до 31.07.2019 година и во основа ги содржеше следните активности: Состанок на Извршниот одбор и донесување одлука за усогласување на Правилникот за безбедност и здравје при работа согласно Европските прописи, Компаративна анализа на податоците и практиките од ЕУ со домашното законодовство од страна на експерти, обуки за членови од органите и телата на СГИП, изготвување Акти за спроведување на активностите за БЗР на терен, зајакнување на капацитетите на координативното тело на СГИП за БЗР.

Со овие примарни активности се отвори можност да се прошири целокупното делување на СГИП во делот на БЗР до сите претставници на вработените за БЗР преку Актите на СГИП да се обезбедуваат подобри услови за работа односно да се споделува идејата за здрави и сигурни работни места.

Резултатите од севкупните активности на проектот се позитивни, бидејќи СГИП располага со нови ревидирани документи и зајакнато координативно тело за спроведување на активностите за БЗР што произлезе од сите претходно планирани и исполнети во целост активности.

Активностите овозможија организирање на средби со повеќе лица од областа на БЗР за дел од предвидените активности. Преку овие активности од грантот се продолжуваат и веќе отпочнатите активности на Синдикатот со редовни состаноци на органите и телата како и активности на терен. Единствено важно е да сите засегнати страни, ги зајакнат капацитетите на организациите и допринесат повеќе во делот на БЗР (Закон за БЗР, подзаконски акти, добри пракси, спроведливост на терен итн.)

СГИП за сите овие активности спроведени од грантот изготви извештаи кои беа објавени како информација на социјалните медиуми:

youtube,
ssm.org.mk/mk/obuka-
mzzpr.org.mk/2019/06/12/
facebook

Име на акцијата: „Инклузивен пазар на труд"

Спроведувач: ХЗ „Бравура Кооперативa" Делчево

Имплементирани активности:

Проектот „Инклузивен пазар на труд" работи кон подобрување



на благосостојбата на лицата со посебни потреби вклучени во работниот процес, преку јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор за вклучување во јавните политики за безбедност и здравје при работа на лица со посебни потреби. Со почеток од 1-ви Јануари до средината на Јуни се реализираа низа на редовни состаноци и консултативни средби со партнерските организации за утврдување на динамиката на проектните активности и имплементацијата на две дводневни работилници. Првата, дводневна работилница овозможи 10 НВО организации од регионот да се информираат за јавните политики за безбедност и здравје при работа на лица со посебни потреби, имплементирана преку 4 модули:

1. Зголемување на влијанието во општествено на Г.О;
2. Стратешко планирање;
3. Вовед во безбедноста и здравјето при работа;
4. Јавните политики за безбедност и здравје при работа.

Работилницата овозможи нови информации за важноста од примена на мерките за безбедност при работа кон целната група и интервенира кон заемно делување во мрежа со јасна стратешка определба. Анкетата за истражување на актуелната состојба од имплементација на мерките за здравје и безбедност при работа во работните организации кој вклучуваат лица со посебни потреби, овозможи успешна имплементација на Втората дводневна обука предвидена во рамките на проектот. Преку јасно утврдени проблеми и потреби кај бизнис заедницата, (од евалуацијата на прашалникот-анкета), и презентацијата на постојните Државните механизми од аспект на вработување и безбедност при работа на лица со посебни потреби, се констатираа низа недоследности во примена на мерките при вработување, мерките за здравје и безбедбност при работа, професионална ориентација и оспособување, практиканство, интерна комуникација, можности за мобинг, и други недоследности кои се содржани во прирачникот: Практичен водич - „Од професионална рехабилитација до инклузивна практика", кој е составен дел на проектот.

Проектот ги задоволи очекуваните резултати и допринесе со додадени вредности во самата имплементација на активностите. За целнта група темата за безбедност и здравје при работа беше нешто ново, практично и применливо за нив што предизвика интерес на учесниците, а тоа предизивика иовозможи јакнење на јавните политики за безбедност и здравје при работа во рамките на организациските структури на самите организации.

Во однос на вработувањето на лицата со посебни потреби, покрај актуелните теми на вработување и условите со кој се соочуваат, како и државните мерки, се актуализира концептот на инклузивност во работните организации кој има високи вредности на достоинствено вработување. Оваа тема претставуваше новина во групата, а и недоволно позната во системот на државата. Темите ги исполнија очекувањата на групите , и дадоа нови можности за взаено делување и интервенции за поддршка на овој концепт. Проектот овозможи подигање на свеста кон целната популација во рамките на работните групи но и пошироко, преку медиумско информирање и следење на активностите од проектот. Информирана Бизнис заедница и подигнато ниво на знаење, свест и одговорност за правата, обврските, мерки за здравје и безбедност при работа, и еднакви можности, онаму каде што допре информацијата даде и позитивни ефекти.

Прирачникот„Инклузивен пазар на труд" е резултат на проектот и во себе ги презентира можностите за вработување на лицата со посебни потреби, ги информира работодавачите и вработените за примена на професионален економски а не социјален концепт на вработување, и дава насоки за постапност во развојот на социјалните компетенции - општествено одговорни фирми при вработување на лица со инвалидитет. Овој прирачник ќе допринесе и кон подигнато ниво на свест во работните организации за лицата со посебни потреби, намалување на предрасудите, градење на толерантен однос во подобри работни услови.

Информации за спроведените активности во рамките на оваа суб-грантирана акција можете да најдете на следниве линкови:

https://www.bravuracooperativa.org.mk/programi/inkluziven-pazar-na-trud/

https://www.facebook.com/pg/Together4Future-78475242829039 6/posts/